Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип........18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип........52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип........73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип........77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ / ВОНРЕДНЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука број 2502-89/7 од 23.8.2010 год. за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***ортодонција*** на Факултетот за медицински науки. На 7.10.2010 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-105/7 и Решение број 2502-105/21 за претседател, 2502-105/22 член и 2502-105/23 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област *ортодонција* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Цена Димова, доцент, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател;
2. д-р Стипица Поповски, доцент, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член;
3. д-р Ивона Ковачевска, доцент, Универзитетски стоматолошки клинички центар - Скопје, член.

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 23.9.2010 година, за избор на насловен доцент за наставно-научната област *ортодонција*, еден извршител, се пријави кандидатот д-р Оливер Димитровски, д-р сци, насловен доцент по предметот Орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, вработен на Клиниката за орална хирургија, УЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Комисијата на Наставно-научниот совет го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Оливер Димитровски** е роден на 28 август 1969 год. во Скопје, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. Во учебната 1987/88 год. се запишува на Стоматолошки факултет во Скопје и го завршува во 1991 год., со просечна оценка 9,81. Во 1992 год. е примен во редовен работен однос на Клиниката за орална хирургија како клинички лекар, а по завршувањето на приправничкиот стаж го положува задолжителниот стручен испит.

Во периодот од април 1995 год. до април 1998 год. ги завршува обврските предвидени со програмата на специјалистичките студии од областа орална хирургија, а завршниот испит (специјалистички) го положува во истата година и се здобива со стручно звање *специјалист по орална хирургија*.

Во 1996 год. е избран за *помлад асистент* на Стоматолошкиот факултет - Клиника за орална хирургија, а во 2008 год. во насловен доцент на истата клиника.

Во 1998 год. е добитник на благодарница, а во 2001 год. на диплома, обете доделени од Македонското лекарско друштво.

***Стручна и научна дејност***

Кандидатот д-р Оливер Димитровски уште како клинички лекар, а потоа и како специјалист, помлад асистент и асистент, активно е вклучен во здравствениот, научниот и едукативниот процес на Клиниката и во решавањето на амбулантската и оперативната оралнохируршка казуистика, применувајќи ги современите светски научни трендови.

Што се однесува до стручното усовршување, д-р Оливер Димитровски во 2001 год. престојува на Стоматолшкиот факултет во Софија кај проф. Попов, во период од 20 дена, каде што е вклучен во изведувањето на интервенциите од областа на оралната хирургија и имплантологијата. Таму се здобива со сертификат за ракување и обука со СИП-имплантолошкиот систем.

Во текот на 2002 год., во период од два месеца, кандидатот е на стручно усовршување на Универзитетот Шарите во Берлин (Германија), кај проф. Бир, каде што се запознава со хируршките методи што се применуваат на Универзитетот Шарите и ги усовршува техниките на орална имплантологија и реимплантација. Во 2004 год. е на 14-дневно усовршување од областа на денталната имплантологија во Франкфурт (Германија). Таму се здобива со сертификат за работа со ИМПЛА-имплантолошкиот систем од фирмата Schutzdental, Германија. Во 2006 год. учествува на курс и се здобива со сертфикат за дентални имплантати Frialit- Ancylos.

По завршувањето на постдипломските студии од областа на оралната хирургија со просечна оценка 9,90, во 2003 год. со одбрана на магистерскиот труд со наслов „*Имунолошки промени кај пациенти со хронични парадонтити*” се здобива со научен степен *магистер на стоматолошки науки*.

Д-р Оливер Димитровски учествува на голем број научни собири каде настапува со свои трудови.

Како млад истражувач учествува во научноистражувачкиот проект под наслов „Промени во имунолошката реактивност кај парадонталната болест кај млада популација”, во периодот од 2002 до 2004 год. и јавно одбранет во 2004 год.

Во јуни 2007 год. се стекнува со научниот степен *доктор на стоматолошки науки,* со одбрана на докторската дисертација со наслов „*Клинички, патохистолошки, микробиолошки и рендгенолошки аспекти на инфламаторните цисти*”.

***Наставна дејност***

Со вработувањето д-р Оливер Димитровски е вклучен во едукативниот процес во изведувањето на вежбите по предметот Орална хирургија. Потоа, како помлад асистент и како асистент по предметот Орална хирургија, изградил висок степен на теоретска и стручна подготвеност, педагошки приод во презентирањето на наставната програма и на едноставен и јасен начин ги презентира методските единици од програмата на вежбите по предметот Орална хирургија.

Покрај изведувањето на практичната настава, во 2006/07 год. Е активно вклучен во подготовката и во изведувањето на предавањата по предметот Имлантологија за студентите од Програмата за стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет. Исто така, во 2007 год., по воведувањето на предметот Анестезиологија со реанимација на редовните студии по стоматологија на Факултетот, учествува во подготовката и во изведувањето на предавањата и колоквиумите по истиот предмет, според новиот кредит-трансфер систем на Стоматолошкиот факултет; во 2007/08 год. е вклучен во изготвувањето и одржувањето на предавања по предметот Орална хирургија за студентите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет.

Кандидатот, д-р Оливер Димитровски е ментор на пет студентски теми.

***Публицистичка дејност***

Публицистичката дејност на д-р Оливер Димитровски опфаќа 33 статии објавени во домашни и странски публикации и една монографија.

Статиите од ред. бр. 1-33 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”: бр. 669, бр. 676 од 1997 год., бр. 759, бр. 764 од 2000 год., бр.846, бр.914, бр.918 и 945 од 2007 год.

За овој избор, кандидатот ги приложува за рецензија следниве трудови:

**Димитровски В**, Поповска М, Атанасовска А., Димитровски О, Ристоски М. *Промени во имунолошката реактивност кај пародонталната болест кај млада популација*. Научноистражувачки проект. Стоматолошки факултет 2004.

Целта на авторите е да се проследи пародонталната болест кај младата популација и преку резултатите да се изврши проценка за прогнозата и терапискиот исход на оваа сериозна болест што се јавува и кај пациенти од помлада возраст.

Резултатите на имунолошката реактивност укажуваат на можна регресија доколку се пристапи според строго дефинирани тераписки чекори, што е условено од навременото дијагностицирање на пародонталната болест преку клинички и параклинички испитувања.

Трудот има научноистражувачка вредност.

**Димитровски О**. *Клинички, патохистолошки и микробиолошки аспекти на инфламаторните цисти.* Докторска дисертација. Стоматолошки факултет, Скопје. 2007.

Целта на авторите во оваа студија била клинички, рендгенолошки, патохистолошки и микробилошки да ги проследат овие цистични лезии и можното влијание на локалните етиопатогенетски фактори врз нивниот тек, развој и прогноза.

Испитани се вкупно 50 пациенти со клинички поставена дијагноза радикуларни цисти. Контролната група ја сочинувале 35 испитаници без цистични промени. Сите резултати од испитуваната група авторите ги спроредувале со: контролната, пред и по терапија, од рендгенолошки аспект.

Клиничките испитувања опфатиле анамнеза и клинички преглед, а параклиничкиот сегмент вклучил рендгенолошки, микробиолошки и патохистолошки испитувања.

Во резултатите, авторите наведуваат дека радикуларните цисти кај индивидуи од машки пол биле застапени со 66%, наспроти женската популација. Во однос на возраста, предоминирале тие во третата и четвртата декада од животот (39 години). Локализацијата покажала зголемено присуство на цисти во горната вилица споредено со долната, а таа преваленција во горната вилица  изнесувала 66%. Кај радикуларните цисти во 86% од случаите, на рендген снимка било најдено ограничено просветлување со склеротичен прстен; што се однесува до микробиолошкиот наод доминирале различни видови бактерии и најзастапени биле *Streptococcus viridans* (38%) и *Staphylococcus epidermidis* (16%). Патохистолошки, доминирал хроничниот егзацербирачки инфилтрат (56%) наспроти обичниот хроничен инфилтрат. Во однос на епителната обвивка, доминирал плочестиот епител (72%), додека цилиндричниот епител бил малку застапен. Во најголем процент од случаите, по шест месеци од направената интервенција со примарно затворање било постигнато целосно заздравување на коскеното оштетување (70%).

Трудот има научен карактер.

**Димитровски О**. Величковски Б. *Етиопатогенетски аспекти на резидуалните цисти.* Макед. стом. прегл 2007; 31 (3-4): 162-170.

Целта на авторот е да се утврдат евентуалните сличности и разлики во имунолошкиот одговор помеѓу радикуларните, резидуалните и пародонталните цисти на вкупно 150 испитаници, со клиничка дијагноза инфламаторни цисти и контролна група од 35 испитаници. Сите испитувани групи бројат по 50 испитаници. Кај сите, поединечно, спроведени се одредени лабораториски и клинички испитувања.

Резултатите од испитуваната група на оваа експериментална студија авторот ги споредува со: контролната група - пред и по терапија од имунолошки аспект. Имунолошкиот статус кај сите испитаници од трите испитувани групи и од контролната група бил регистриран преку квантитативна и квалитативна проценка на хуморалниот имунитет. Испитувања на хуморалниот имунитет биле извршени преку крвни анализи на имуноглобулините пред хируршката интервенција и еден месец по неа.

Авторот смета дека разликите на просечните вредности на имуноглобулините пред терапија и кај контролната група се статистички сигнификантни само во групата со резидуални и пародонтални цисти, за ИгГ и ИгМ; разликата на просечните вредности на имуноглобулините (ИгГ, ИгА и ИгМ) во групата со радикуларни цисти пред и по еден месец од терапијата била статистички несигнификантна (p=0,1042; p=0,6284; p=0,1982); разликата на просечните вредности на имуноглобулините (ИгГ, ИгА и ИгМ) во групата со

резидуални цисти пред и по еден месец од терапијата била статистички сигнификантна (p=0,0000; p=0,0371; p=0,0276); разликата на просечните вредности на имуноглобулините (ИгГ, ИгА и ИгМ) во групата со пародонтални цисти пред и по еден месец од терапијата била статистички несигнификантна (p=0,0647; p=0,1966; p=0,1237); разликата регистрирана помеѓу просечните вредности на имуноглобулините пред и по еден месец од терапијата, во трите испитувани групи била статистички несигнификантна. Авторот смета дека тоа се должи на случајност во примерокот, а сигнификантна разлика единствено била регистрира на ИгА по еден месец од хируршката интервенција помеѓу трите испитувани групи. Анализата на варијанса помеѓу трите групи еден месец по применетата терапија не покажала сигнификантни разлики кај вредностите на ИгГ и ИгМ, освен кај ИгА. Ова авторот го објаснува со случајност на испитуваните примероци крв од испитаниците со екстремни вредности на имуноглобулините.

Трудот има научен карактер.

**З А К Л У Ч О К**

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата смета дека кандидатот д-р Оливер Димитровски поседува стручни и наставно-научни квалитети, исполнувајќи ги притоа условите за избор на наставник во насловно звање насловен доцент од наставното-научната област *ортодонција*.

**Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Оливер Димитровски во насловен доцент наставното-научната област *ортодонција.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Цена Димова, с.р.**
**Доц. д-р Стипица Поповски,с.р.**
**Доц. д-р Ивона Ковачевска, с.р.**

**П Р И Л О Г 1**

Табела за вреднување на активностите на насл. доц. д-р Оливер Димитровски, доктор на стоматолошки науки, од областа *стоматологија*, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за периодот од 2006 до 2010 година

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)**<br>**Предавања* [10+ (4 x 2)+(15 x 4)]x 1,5**<br>**- Стоматологија:**<br>2008/09 – летен сем.<br>Орална хирургија -10 часа<br>- **Висока школа за стручни заб. техн** - 2007/08; 2008/09 – зимски сем.<br>Дентална имплантологија 4часа<br>- 2005/06 – зимски и летен сем,<br>- 2008/09 – зимски и летен сем.<br>Орална хирургија во стоматологијата – x 15часа | **78часа (10 +8+ 60)** | **1,5 +3** | **120** |
| 2. | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)**<br>**Стоматологија – орална хирургија**<br>2005/06 - 2008/09 три сем.<br>(45 часа x 1 гр. x 3 сем = 135 часа)<br>ВШ стом. сестри,<br>2005/0, 6 - 2008/09 еден сем.<br>(5часа x 2 гр. X 4 сем = 40 часа) | **175 часа** | **0,2** | **35,0** |
| | **Вкупно:** | | | **149** |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Одбранета докторска дисертација**<br>35. Димитровски О. Клинички, патохистолошки и микробиолошки аспекти на инфламаторните цисти. Докторска дисертација. Стоматолошки факултет, Скопје. 2007. | **1** | **8** | **8** |
| 2 | **Монографија или научна книга**<br>32. Димитровски О. Инфламаторни цисти од рендгенолошки и патохистолоки аспект. Просветно дело, Скопје 2007. | **1** | **10** | **10** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено (во земјава / останати)**<br>**30. Димитровски О, Величковски Б**. Етиопатогенетски аспекти на резидуалните цисти. Макед. стомат. прегл. 2007; 31(3-4):162-170.<br>**33. Димитровски О.** Имунолошки промени кај инфламаторни цисти. Макед. стомат. прегл. 2008.33 (3-4): 162-165 | 2 | 3 | 6 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено со (СЦИ / ЦА / останато) – во странство:**<br>27. **Dimitrovski O**. Etiopathogenetic aspects of radicular cysts. Balk J Stom, 2008; 12:26-30 | 1 | 3 | 3 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на научен собир (во земјава):**<br>31. **Dimitrovski O**, Velickovski B, Kacarska M,Spirov V Surgical approach to a massive osteoma in the region of thorus mandibulae:Case report.First Congress of Maxillofacial and Neck Surgery,with international participation (Abstract Book). Ohrid, 2006: p-28.<br>29. **Димитровски О. Симјановска Љ, Стефановски С.** Микробиолошки аспекти на радикуларните цисти. Петти конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (апстракти) Охрид, 2009: 58.<br>**Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на научен собир (во странство):**<br>**26. Dimitrovski O**, Velickovski B, Popovska M, Kacarska M. Blast reactivity changes among chronic periodontitis patients.10 Bass Congress, Belgrade, 2005: abstract book p.59. | 2<br>1 | 1<br>2 | 2<br>2 |
| 6. | **Студиски престој во странство** | **2** | **8** | **16** |
| | **Вкупно:** | | | **47** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **196** |